СОВЕТ НА ОПШТИНАТА БИТОЛА
Бр. 09-61/1
15.05.2018 г.
Б и т о л а

Врз основа на член 26 став 2 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05) и член 56 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.15/05), ја

С В И К У В А М

**13-та** седница на Советот на Општината Битола за 22.05.2018 година (вторник) со почеток во **10,оо часот**.

Седницата ќе се одржи во салата за седници на Советот на Општината, со предлог на следниот

Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал од 2018 година.
2. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2018 г
3. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2018 г.
4. Одлука за имплементација на проектот Benefit од првиот повик од Програмата за прекугранична соработка со Грција 2014/2020 г.
5. Одлука за давање на користење без надоместок на објектот на УЗ „Коле Лачето" сопственост на Општина Битола на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола.
6. Одлука за примање на донација од Пивара АД Скопје – изградба на спортски рекреативни справи.
7. Одлука за примање на донација од Пивара АД Скопје – изградба на јавни паркиралишта за велосипеди.
8. Одлука за примање на донација од „ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје .
9. Извештај за реализација на Програмата за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општината Битола за сезоната 2017/2018 г.
10. Извештај за работата на Ракометниот клуб „Пелистер" Битола за 2017 г.
11. Извештај за работата на Кошаркарскиот клуб „Пелистер" Битола за 2017 г.
12. Правилник за изменување на Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост.
13. Финансиски план и програма за работа на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола за 2018 година.
14. Годишна програма за работа на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер" Битола за 2018 г.
15. Програма за работа ЈОУ Зоолошка градина Битола" за 2018 г.
16. Информација од ризикот на комуналната бучава врз здравјето на населението во Битола за 2017 година.
17. Информација за состојбата со малигните заболувања на подрачјето на Општина Битола 2016/2017 г.
18. Информација за следење на нутритивен статус на предучилишни и училишни деца во Општина Битола за 2017 година.
19. Информација за здравствено-еколошкиот ризик од загадувањето на водата од акумулацијата „Стрежево".
20. Информација за следењето на санитарно-хигиенската состојба и биолошкиот квалитет на исхраната во предучилишни установи, ученички домови, домови за згрижување на стари лица за 2017 година.
21. Информација за следење на состојбата со водоснабдување и квалитетот на водата за пиење во Општина Битола во текот на 2017 г.

22. Извештај за извршена имунизација во регионот на Центар за јавно здравје – Битола за 2017 г.

23. Решение за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУ ДГ „Мајски Цвет“ Битола.

24. Решение за давање согласност на Одлуката за измени и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“ Битола (пречистен текст) бр. 02-278/3-1 од 01.06.2016 г.

25. Решение за давање согласност на Одлуката за поднесување на барање за донесување на Одлука на Советот на Општината Битола за склучување на договори на Општина Битола со КЈП „Нискоградба“ Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општината Битола за крпење на улици и патишта со асфалт и вертикална сигнализација со примена на член 10-а од ЗЈН.

26. Решение за разрешување и именување на член во Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола.

27. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово во идна урбанистичко планска документација (КП 866).

Молам за присуство на седницата, а за евентуална спреченост јавете се на телефон 234-234.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски